Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Кинотека на
Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë se Veriut
Бр.-Nr. 02-311/3
18.4.20 22 год.-viti

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 21 точка 1 од Статутот на Национална установа Кинотека на Република Северна Македонија, бр.01-634/1 од 26.05.2015 година, бр.02-462/5 од 04.05.2018 година и бр.02-220/3 од 12.03.2019 година, Управниот одбор на Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 18.04.2022 година, ја донесе следната:

## Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија

### Член 1

Во Статутот на Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија, бр.01-634/1 од 26.05.2015 година, бр.02-462/5 од 04.05.2018 година и бр.02-220/3 од 12.03.2019 година, во член 14 став (1) точката 3) се менува и гласи: „ да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование од научното подрачје на општествените науки или од научното подрачје на хуманистичките науки".

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од министерот за култура, а ќе се објави на огласната табла на установата.

### Образложение

Согласно добиеното Барање бр.02-14420/1 од 17.12.2021 година од Министерството за култура за потребно е да се изврши ревидирање на Статутот на установата во делот кој се однесува на потребното стекнато високо образование на кандидатот за избор на директор на установата со цел недвосмислена и правилна примена на Класификација на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација. Поради причините наведени во горенаведеното Барање Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија започна постапка за измена и дополнување на Статутот бр.01-634/1 од 26.05.2015 година, бр.02-462/5 од 04.05.2018 година и бр.02-220/3 од 12.03.2019 година.

Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија ја донесува Управниот одбор на установата, согласно член 21 точка 1 од Статутот на установата, а согласност на примена на истата дава министерот за култура.

**Претседател на Управен одбор**

**Томислав Османли**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Кинотека на Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Скопје-Shkup